РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09 - 970 / 3
30.10.2025
СКОПЈЕ

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018, Сл. весник на РСМ бр. 178/21, Сл. весник на РСМ бр. 58/24 и Сл. весник на РСМ бр. 124/25), Универзитетскиот Сенат на својата 10- та седница одржана на 30.10.2025 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за единствените правила за студирање**
**на втор циклус магистерски и специјалистички студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

**Содржина**

**1 ОПШТИ ОДРЕДБИ** ..... **3**
**2 ВИД, ТРАЕЊЕ И УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ** ..... **3**
**2.1 Вид, траење и услови за запишување на магистерски и специјалистички студии** 3
**2.2 Услови за запишување на втор циклус специјалистички и на магистерски студии: утврдување на сродни програми** ..... 3
**3 НАЧИН И ФОРМИ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА** ..... **3**
**4 СТАТУС И ПРАВА НА СТУДЕНТИТЕ** ..... **4**
**4.1 Статус студент** ..... 4
**4.2 Промени на статусот студент** ..... 5
**4.3 Мирување на студии** ..... 5
**4.4 Прекин на студии** ..... 5
**4.5 Реактивирање на статусот студент** ..... 6
**5 ЗАВРШЕН ТРУД НА СТУДИИТЕ ОД ВТОР ЦИКЛУС МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ** ..... **6**
**5.1. Магистерски труд** ..... 6
**5.2. Содржина на магистерскиот труд** ..... 6
**5.3. Постапка за пријавување и одбрана на магистерски труд** ..... 7
**5.4. Постапка за оценка и одбрана на магистерски труд** ..... 7
**5.5. Сумативна внатрешна оценка на магистерскиот труд** ..... 8
**5.6. Сумативна надворешна оценка на магистерскиот труд** ..... 8
**5.7. Одбрана на магистерски труд** ..... 8
**5.8. Рокови за одбрана на магистерски труд** ..... 9
**6 СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ** ..... **9**
**6.1. Подготовка, одбрана и оценка на специјалистички труд** ..... 10
**6.2 Рокови за одбрана на специјалистички труд** ..... 10
**АНЕКСИ** ..... **11**
***Анекс 1:*** ..... 11
**Табеларен приказ на сродни области по студиски програми/насоки на Универзитет Американ Колеџ Скопје** ..... 11
***Анекс 2:* Потврда за положени испити** 14
***Анекс 3:*Ф1 Формулар** 15

*Анекс 4*:**Ф2 Формулар** 17
*Анекс 5*:**Формулар за оценување на магистерски труд** 18
*Анекс 6*- **Формулар за оценување на специјалистички труд** 22
*Анекс 7*- **Уверение за положени испити и одбрана на специјалистичкиот труд** 23
*Анекс 8*:**Формулар за сумативна надворешна евалуација** 26
*Анекс 9:***Уверение за положени испити и одбрана на магистерски труд** 30
*Анекс 10:* **Изјава** 32

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

## ВИД, ТРАЕЊЕ И УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

### 2.1 Вид, траење и услови за запишување на магистерски и специјалистички студии

**Член 1**

Универзитетот организира академски (постдипломски) и стручни студии на втор циклус студии.

Студиите од втор циклус магистерски студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат најмалку 60, 90 ЕКТС, односно 120 ЕКТС кредити.

Постдипломските студии можат да траат и подолго од две години, кога тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Студиите од втор циклус специјалистички студии се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат најмалку 60 ЕКТС.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити, додека вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на прв и втор циклус стручни студии изнесува 240 ЕКТС кредити.

По стекнување на соодветниот број на кредити (положени испити) пропишани со студиската програма и по исполнување на просек на положени испити од најмала просечна оценка Ц- или ГПА 1,67, кандидатот стекнува право да пристапи кон одбрана на магистерски труд.

### 2.2 Услови за запишување на втор циклус специјалистички и на магистерски студии: утврдување на сродни програми

**Член 2**

На втор циклус специјалистички и магистерски студии можат да се запишат сите студенти што имаат завршено прв циклус студии на сродни акредитирани факултети или прават транфер од сродни студиски програми на други акредитирани факултети.

Условите за запишување се пропишуваат во конкурс.

## НАЧИН И ФОРМИ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА

**Член 3**

Наставата на втор циклус студии се реализира во текот на еден месец, односно 30 денови за еден предмет, при што часовите можат да се организираат во попладневните часови во работни денови или во сабота.

Во текот на месецот се реализираат најмалку дваесет (20) часови настава.

Студентот има право да полага испит, само доколку присуствувал на најмалку 50% од предвидените часови настава, освен во случај кога наставникот има уредено посебни услови за право на полагање, во силабусот на предметот.

По исклучок, наставата може да се организира и реализира со поинаква динамика, за предмети кои се предаваат од меѓународни визитинг професори или поради други објективни причини.

Наставата се организира за група од најмалку пет (5) студенти. Ако од било кои причини не се оформи група од најмалку пет (5) студенти, наставата се врши на менторски начин. Менторската настава се организира во термини кои ги определува предметниот наставник.

Наставта на ФАД се изведува според академски календар усвоен од ННС на ФАД.

### 3.1. Вонредни студенти

**Член 4**

Факултетот за деловна економија и организациони науки организира настава за вонредни студенти на едногодишни магистерски студии. Наставата се реализира преку класични предавања, менторски пристап, семинари и/или далечинска настава.

Испитните сесии за вонредни студенти се одржуваат во ист временски период како и за редовните студенти, согласно академскиот календар.

Вонреден студент има право два пати бесплатно да полага еден ист предмет, без дополнителни трошоци. За трето полагање на еден ист предмет, се плаќа надомест утврден со актите на Универзитетот. Доколку не го положи предметот и по трет пат, студентот е должен повторно да го регистрира (запише) истиот предмет во следниот семестар, при што ги сноси трошоците за запишување и полагање на предметот.

Индикативната структура на завршната оценка се дефинира преку силабусот за соодветниот предмет.

Студентот може да трансферира од редовни во вонредни студии само додека не реализирал 20% од предвидената настава. Во спротивно, потребна е оправдана причина и посебна одлука од деканот.

Вонредните студенти на едногодишни магистерски студии се **должени да следат настава по најмалку три предмети** во рамки на студиската година

**Член 5**

Структурата на оценување за секој предмет ја дава наставникот во планот на предметот, кој се доставува на почетокот од наставата.

Студентот положил испит, доколку од вкупниот број на поени освоил најмалку 60 проценти.

Доколку студентот не освои доволно поени за преодна оценка од соодветниот предмет, има право на повторен обид за освојување на поените, при што треба да ги исполни сите елементи за оценување предвидени во планот на предметот.

Како замена за елементот активност и учество на час, може да се предвиди асинхрона дискусија, дополнителен проект, менторски активности и слично и истото треба да биде специфицирано во планот на предметот.

Студентот кој од оправдани причини добил I (непотполно), треба во рок од деведесет (90) дена да ги исполни сите елементи потребни за комплетирање на предметот предвидени во планот на предметот. Доколку во рок од деведесет (90) дена студентот не го комплетира предметот, добива оценка недоволен (F).

Доколку студентот од став 3 и став 5 на овој член добијат оценка недоволен (F) имаат право на втор обид за комплетирање на предметот во дополнителен рок од триесет (30) дена. Но, доколку не освојат доволно поени за преодна оценка и во вториот обид, повторно го регистрираат предметот за што ги сносат соодветните трошоци.

## СТАТУС И ПРАВА НА СТУДЕНТИТЕ

### 4.1 Статус студент

**Член 6**

Кандидатот се стекнува со статус студент со запишување на студиските програми од втор циклус студии што подразбира:

1. комплетирање на потребната документација,
2. потпишување на договор за студирање и
3. доказ за уплатен минимален износ за уписнина

При уписот на студиските програми од втор циклус магистерски студии, студентот задолжително потпишува Изјава (Анекс 10) за согласност со пропишаните услови и правила на студирање.

**Член 7**

На студентот му престанува статусот студент доколку:

1. специјализира/магистрира,

2. се испише од Универзитетот,
3. биде исклучен од Универзитетот.

Студентот е должен да ги измири сите финансиски обврски кон Универзитетот, а дотогаш уплатените средства, врз која било основа, не му се враќаат на студентот.

**4.2 Промени на статусот студент**

**Член 8**

Доколку студентот не може да ги заврши студиите во рокот утврден со студиската програма, има право да ги стави студиите во мирување или своеволно да побара прекин на студиите.

**4.3 Мирување на студии**

**Член 9**

На студентот може да му мирува статусот студент кога за тоа постојат оправдани причини и тоа:

1. породилно отсуство;
2. подолготрајна болест;
3. економско- социјални проблеми во семејството;
4. учество на врвни научни, културни и спортски манифестации;
5. кога студентот во рок од 24 месеци не посетувал настава и не полагал испити и уредно не поднел барање за ставање на студиите во мирување.

Одлука за статусот мирување ја носи деканот / директорот на единицата на УАКС најдоцна до 30.06 од тековната година.

**Член 10**

Студентот треба да достави писмено барање, 3 (три) месеци пред предвидениот рок за завршување на студиите согласно акредитираната програма, за ставање на студиите во мирување до координаторот за втор циклус студии.

Доколку студентот не го запази рокот од став 1, го губи статусот студент.

Координаторот доставува копии од барањето до службата за финансии, деканот на соодветниот факултет и една копија во досието на студентот.

Доколку се утврди дека барањето ги содржи, а студентот ги исполнува условите од член 7, координаторот подготвува одлука за ставање на студиите во мирување на студентот и ја доставува на потпис до деканот.

Копија од одлуката од став 3 се доставува до службата за финансии и во досието на студентот.

Доколку студентот ги стави студиите во мирување, а има тековни финансиски обврски, истите треба да ги подмири се до нивната конечна исплата. Тековните финансиски обврски на студентот за време на мирувањето на студиите не мируваат.

Средствата кои биле уплатени, а неискористени како последица на мирување, се пренесуваат на семестарот во кој студентот ќе продолжи со студирањето.

Студентите кои се во мирување, не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на ниво на Универзитетот.

**4.4 Прекин на студии**

**Член 11**

Прекин на студии настапува кога студентот ќе поднесе писмено барање за прекин на студиите и ќе ги подмири сите финансиски обврски кон Универзитетот.

На студентот му се издава уверение или транскрип за положените испити.

Студентот кој го губи статусот на студент мора да ги подмири сите тековни финансиски обврски, како и да плати еднократен надоместок утврден со тарифникот на УАКС.

Средствата кои биле уплатени, а неискористени како резултат на прекин не му се враќаат на студентот.

Студентите кои имаат прекин на студии, не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на ниво на Универзитет.

Студентот се известува за престанок на неговиот статус по писмен пат.

### 4.5 Реактивирање на статусот студент

**Член 12**

Студентот е должен да поднесе писмено барање за престанок на мирување на студиите до координаторот.

Доколку студентот ги продолжи студиите по нивното мирување, има право и обврска да ги заврши студиите:

1. според студиската програма на која се запишал доколку предметите кои му останале за полагање се нудат во периодот кога студентот ги продолжува своите студии; или
2. според друга тековна студиска програма доколку некои од предметите кои му останале за полагање не се нудат во периодот кога студентот ги продолжува своите студии, за што студентот потпишува изјава, а Универзитетот му издава транскрипт на положени испити и врши признавање на компатибилни предмети заради упис на нова студиска програма; или
3. според друга сродна програма доколку програмата на која бил запишан не постои; или
4. според програма на друг факултет доколку не постои сродна програма на факултетот на кој студирал.

Доколку се согласи со условите предвидени во став 2, студентот е должен да ги надомести сите трошоци за студирање кои претходно не ги платил, сите трошоци за завршување на студиите согласно актите на УАКС и да плати паричен надоместок за реактивирање на студиите, утврден со тарифникот на УАКС.

На студентот што не е согласен со условите предвидени во став 2, му престанува статусот студент.

**Член 13**

Доколку студентот ги прекине студиите, односно го изгубил статусот студент, и сака повторно да студира на УАКС, поднесува писмена изјава до координаторот за втор циклус студии.

Студентот од став 1, има право и обврска да ги заврши студиите на УАКС, согласно одредбите од член 12.

Студентот е должен да ги надомести сите трошоци за студирање кои претходно не ги платил, сите трошоци за завршување на студиите согласно актите на УАКС и да плати паричен надоместок за реактивирање на студиите, утврден со тарифникот на УАКС.

## ЗАВРШЕН ТРУД НА СТУДИИТЕ ОД ВТОР ЦИКЛУС МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

### 5.1. Магистерски труд

**Член 14**

Завршен труд на студиите од втор циклус магистерски студии е магистерскиот труд.

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот, односно самостојно развиен стручен проект со кој се систематизираат стекнатите стручни знаења кои можат да се применуваат во практиката.

Кредитната вредност на магистерскиот труд е утврдена со акредитираната студиска програма.

### 5.2. Содржина на магистерскиот труд

**Член 15**

Вкупниот број на зборови кои треба да ги содржи магистерскиот труд се одредува во согласност со кредитната вредност на магистерскиот труд утврдена со акредитираната студиска програма, а дефиниран во Упатство за изработка на магистерски труд.

Магистерскиот труд, вообичаено, се состои од најмалку 5 (пет) дела:

1. Вовед
2. Преглед на литература
3. Методологија
4. Презентација на истражувањето
5. Заклучок и
6. Библиографија

Магистерскиот труд треба да содржи примена на релевантни истражувачки пристапи и техники, како што се: прашалник, интервјуа, фокус групи, студии на случај, анализа на секунадарни податоци, набљудување, експеримент, мета-анализа, како и други методолошки пристапи и алатки соодветни на научната област во која се истражува.

На Факултетот за архитектура и дизајн, покрај деловите предвидени во став 2 од овој член, магистерскиот труд содржи и соодветен идеен проект.

По исклучок на одредбите во став 1 на овој член, на Факултетот за странски јазици се применуваат истражувачките пристапи и техники, како што се семантичка, текстуална, дискурзивна, наративна, конверзациска, критичка и историско-компаративна анализа.

### 5.3. Постапка за пријавување и одбрана на магистерски труд

**Член 16**

Постапката за пријавување и одбрана на магистерски труд се спроведува преку:

1) Избраната тема на магистерски труд студентот ја пријавува до референтот за последипломски студии, во официјален формулар: *Ф1 - Предлог за истражување.* (Анекс 3)
2) Студентот може да пријави тема за изработка на магистерски труд кога ќе заврши најмалку 80 проценти од студиската програма, што се докажува со потврда за положени испити (Анекс 2) издадена од службата за студентски прашања. Пријавата содржи: наслов на темата, кратко образложение за научната и стручната оправданост на темата, преглед на литературата и предлог на ментор (лице избрано во наставно-научно звање).
3) Предлогот *Ф1* заедно со потпис од предложениот ментор се доставува до ННС.
4) На првата седница ННС ја разгледува пријавата и формира Комисија за следење и одбрана на магистерскиот труд во состав од 3 члена избрани во наставно научно и насловно звање, од кои најмалку двајца треба да се од соодветната научна област на темата на магистерскиот труд.
5) По исклучок, со препорака на менторот и одобрение од Деканот, односно директорот на единицата на Универзитетот, доколку постојат оправдани причини, членот на Комисијата кој не е во можност да присуствува на одбраната на магистерскиот труд може да се замени со друг член.

### 5.4. Постапка за оценка и одбрана на магистерски труд

**Член 17**

По изготвувањето, магистерскиот труд се доставува до членовите на комисијата од страна на менторот.

Комисијата во рок од 20 дена може да стави забелешки и/или предлози за подобрување на текстот на магистерскиот труд. Комисијата е должна преку менторот да ги достави забелешките до кандидатот со определување рок до кога најдоцна тие корекции треба да се направат.

По доставување на финалната верзија на магистерскиот труд, членовите на комисијата доставуваат пополнет формулар *Ф2* (Анекс 4) до службата за студентски прашања.

**Член 18**

Доколку магистерскиот труд согласно системот за плагијати на Министерството за образование и наука содржи 15% или повеќе проценти содржина од труд на друг автор, тогаш не може да се продолжи со постапката за одбрана на магистерскиот труд, а на студентот кој користел плагијат ќе му се изрече соодветна дисциплинска мерка.

### 5.5. Сумативна внатрешна оценка на магистерскиот труд

**Член 19**

Комисијата го оценува квалитетот на содржината и квалитетот на одбраната на магистерскиот труд.

Оценувањето на трудот се врши на формулар (Анекс 5) во кој се пресметуваат вкупно освоени бодови.

Трудот учествува со 85% во вкупната оценка.

Вкупниот број на поени пред усната одбрана на магистерскиот труд не смее да биде под 60 поени (процент пондериран).

Усната презентација на магистерскиот труд носи најмногу до 15 % од вкупната оценка.

Доколку просечниот број на поени добиени од усната презентација е помал од 5, на студентот му се закажува нов датум за одбрана, со цел подобро да се подготви.

Оценките од секој член на комисијата се сумираат во една вкупна просечна оценка која му се соопштува на кандидатот по одбраната на магистерскиот труд, а која претседателот на комисијата ја доставува до координаторот за постдипломски студии.

Оценката добиена за магистерскиот труд не влијае на просечната оценка од постдипломските студии на студентот.

**Член 20**

Оценувањето на магистерскиот труд се врши со некоја од следните оценки: *одбранил со особен успех* (оценка од 90 или повеќе поени), *одбранил* (оценка од 70 до 90 поени) и *одложен* (оценка под 70 поени).

Во случај збирната оценка од одбраната на магистерскиот труд да биде *одложен* (оценка под 70 поени), тогаш комисијата за оценка на магистерскиот труд доставува извештај до студентот за причините поради кои определил таква оценка, со насоки за постапување на студентот при евентуално нова одбрана на неговиот магистерски труд.

Во случајот од став 2 на овој член, со одлука на комисијата се определува рок во кој кандидатот треба да се подготви и да пристапи кон нова одбрана на неговиот магистерски труд.

### 5.6. Сумативна надворешна оценка на магистерскиот труд

**Член 21**

За студиската програма МБА, студентот има обврска да достави барем едно резиме од организација или институција чија активност е сродна со содржината на темата на магистерскиот труд. Пополнетиот формулар – сумативна надворешна оценка се доставува до координаторот на постдипломски студии.

### 5.7. Одбрана на магистерски труд

**Член 22**

Известувањето за датумот за одбрана на магистерскиот труд му се доставува на студентот и се објавува на огласната табла најмалку 7 (седум) дена пред денот на одбраната.

Одбраната на трудот е јавна.

**Член 23**

Одбраната на магистерскиот труд се спроведува на следниот начин:

- Претседателот на комисијата ја отвора постапката за одбрана на магистерскиот труд;
- Претседателот на комисијата или референтот за постдипломски студии ги презентира биографските податоците за студентот;
- На студентот му се дава можност во времетраење од, најмногу, триесет (30) минути да го претстави својот труд, со образложение на целта, задачите, методите на изработка, добиените резултати, дискусијата за резултатите и заклучоците од магистерскиот труд;
- По презентацијата на трудот од страна на кандидатот, секој член на комисијата може да постави прашања и може да ги коментира резултатите на завршниот труд;
- Претседателот на комисијата може да им дозволи на присутните во просторијата каде што се врши одбраната на магистерскиот труд да поставуваат прашања или да ги коментираат резултатите на завршниот труд на кандидатот;
- Комисијата се повлекува заради донесување на одлука;

**Член 24**

По завршувањето на одбраната на трудот, претседателот на комисијата јавно ја соопштува оценката за одбраната на магистерскиот труд.

По одбраната на трудот, на студентот му се врачува Уверение за положени испити и одбрана на магистерски труд (Анекс 9).

Пополнетиот формулар со оценка на трудот комисијата го доставува до службата за студентски прашања.

ННС на крајот на секој семестар усвојува извештај на магистрирани студенти кој содржи: име и презиме на магистрантот, наслов на трудот, членови на комисијата, оценка и датум на одбрана.

### 5.8. Рокови за одбрана на магистерски труд

**Член 25**

Доколку студентот не го одбрани магистерскиот труд во рок од дванаесет (12) месеци од положувањето на последниот испит, односно по пријавувањето на магистерскиот труд, може да поднесе писмено барање за ставање на студиите во мирување, но најмногу за период од дваесет и четири (24) месеци, при што тој студент не влегува во вкупниот број на активни студенти.

Доколку по истекот на 12 месеци од положувањето на последниот испит, односно по пријавувањето на магистерскиот труд, студентот не го одбранил магистерскиот труд и притоа не поднел барања за ставање на студиите во мирување, тој го губи статусот на студент и се брише од евиденцијата на активни студенти.

Рокот од став 1 на овој член се пресметува врз основа на потврда за положени испити, во која се означува денот на положување на последниот испит.

Пред почетокот на периодот на мирувањето на студиите од став 1, студентот има обврска да ги подмири сите финансиски обврски спрема Универзитетот.

За време на периодот на мирување на студиите, мируваат и финансиските и менторските обврски.

Студентот кој не го одбранил магистерскиот труд и по завршување на рокот во кој студиите биле ставени во мирување, може повторно да пријави одбрана на магистерски труд со обврска да регистрира нов семестар и да плати паричен надоместок во износ утврден со тарифникот на УАКС, при што магистерскиот труд мора да го одбрани до крајот на тој семестар.

Активирањето на студиите е условено од моменталната расположливост на ментори.

## СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

**Член 26**

Универзитетот организира стручни студии од втор циклус за лица кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус на стручни, односно академски студии.

Студиската програма од втор циклус на специјалистички студии од најмалку 60 ЕКТС задолжително содржи обврска за изработка на специјалистички труд, како завршен дел на студиската програма од втор циклус на специјалистички студии.

Лицето кое завршило втор циклус на специјалистички студии од најмалку 60 ЕКТС се стекнува со назив специјалист од одредена област.

### 6.1. Подготовка, одбрана и оценка на специјалистички труд

**Член 27**

Комисијата за одбрана на специјалистичкиот труд се состои од двајца членови: менторот и уште еден наставник или соработник од областа.

**Член 28**

За подготовка, одбрана и оценка на специјалистички труд важат одредбите од член 4, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22 од овој Правилник, соодветно.

### Рокови за одбрана на специјалистички труд

**Член 29**

Роковите предвидени во член 24 кои што се однесуваат за одбрана на магистерски труд се применуваат и за одбрана на специјалистички труд.

**Член 30**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

За студентите кои пријавиле одбрана на магистерскиот труд пред донесувањето на овој правилник, ќе се применуваат одредбите од Правилникот за единствени правила за студирање на втор циклус магистерски студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје со арх. бр. 21-1393/3 од 24.08.2016 година, освен одредбите од овој правилник, кои се поповолни за нив.

**Член 31**

Со влегување во сила на овој Правилник престануваат да важат: Правилникот за единствени правила за студирање на втор циклус магистерски и специјалистички студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје со арх. бр. 21-276/3 од 27.02.2019 година.

**Универзитетски Сенат**
**проф. м-р Виолета Бакалчев, претседател**

Виолета Бакалчев

Digitally signed by Виолета Бакалчев
Date: 2025.10.30 09:40:37 GMT

**АНЕКСИ**

***Анекс 1:***

**Табеларен приказ на сродни области по студиски програми/насоки на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

| Насока | Претходно образование – сродни области |
|---|---|
| Менаџмент<br><br>Маркетинг<br><br>Менаџмент на човечки ресурси<br><br>Бизнис администрација (специјалистички студии)<br><br>Магистерски студии по бизнис администрација (МБА) и магистерски студии по бизнис администрација за извршни директори | *Високо образование од сродни акредитирани факултети (деловна економија и организациски науки, економски науки, бизнис администрација, осигурување, транспорт и шпедиција, царина, угостителство и туризам).* |
| Финансии и банкарство | *Кандидати со завршено високо образование на сродни акредитирани факултети и кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма, но кои имаат:*<br>*а) работно искуство од најмалку 2 (две) години во областа деловна економија и организациони науки, и*<br>*б) ќе ги исполнат посебните услови од точка 1.1.* |
| Сметководство и ревизија | *Кандидати со завршено високо образование на сродни акредитирани факултети (деловна економија и организациони науки, економски науки, бизнис администрација, осигурување, транспорт и шпедиција, царина, угостителство и туризам), при што кандидатите треба да исполнуваат еден од условите:*<br>. *да има положено најмалку два од следните предмети: Сметководство (основи или финансиско); Корпоративни финансии (Корпоративни инвестиции) и Ревизија или*<br>*да имаат најмалку 2 години работно искуство од областа.* |
| | |
| Архитектура<br><br>Внатрешна архитектура | *Кандидати со завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на архитектура и внатрешна архитектура.* |
| | |
| Софтверско инженерство | - *Кандидати со завршено високо образование на сродни факултети (факултет за компјутерски науки, факултет за информатика, факултет за информациски технологии)* |

| | |
|---|---|
| | - *Кандидати со завршено високо образование кое не е соодветно со студиската програма, но кои имаат работно искуство од најмалку 3 (три) години на работно место, за кое е предвидено информатичко образование.* |
| | |
| Меѓународни односи и дипломатија | *Завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на политички науки, правни науки, социологија, филозофија, економија, антропологија и психологија.*<br>*Потребно е кандидатите да имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво, според Европската референтна рамка на класификации, за што: 1) можат да приложат меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ (TOEFL), ИЕЛТС (IELTS) или Кембриџ сертификат со Б2 ниво, не постар од пет години, или 2) полагаат бесплатен интерен квалификациски тест за Б2 ниво. Универзитетот го задржува правото да не ги запише кандидатите кои не го поседуваат потребното (Б2) ниво на познавање на англискиот јазик.*<br>*На втор циклус студии по меѓународни односи и дипломатија можат да се запишат и кандидати со завршени додипломски студии (прв циклус) од друга област, при што оние што се запишуваат задолжително ги слушаат и диференцијалните предмети „Вовед во политика“ и „Вовед во меѓународни односи“.* |
| Здравствена психологија и психолошко советување<br><br>Деловна и организациска психологија | *На втор циклус студии по психологија можат да се запишат кандидати со завршени додипломски студии (прв циклус) по психологија.*<br>*На втор циклус студии по психологија можат да се запишат и кандидати со завршени додипломски студии (прв циклус) од друга област, при што тие што се запишуваат се со стекната диплома со вредност од 240 ЕКТС кредити (програма 4+1) и се од следниве сродни дисциплини (социологија, педагогија, социјална работа и социјална политика, медицина и со неа поврзани сродни дисциплини, дефектологија, економски и организациски науки).*<br>*Потребно е кандидатите да имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво, според Европската референтна рамка на класификации, за што: 1) можат да приложат меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик, ТОЕФЕЛ (TOEFL), ИЕЛТС (IELTS) или Кембриџ сертификат со Б2 ниво, не постар од пет години, или 2) полагаат бесплатен интерен квалификациски тест за Б2 ниво. Универзитетот го задржува правото да не ги запише кандидатите кои не го поседуваат потребното (Б2) ниво на познавање на англискиот јазик.* |
| Право на Европска унија и европска интеграција | *Кандидати со завршено високо образование од областа на правните науки, политичките науки и економските науки, како и од друга сродна област.* |
| Настава по англиски јазик и книжевност<br><br>Креативно пишување | *На која било насока можат да се запишат кандидати со завршено високо образование на акредитирани факултети во областа на филолошките науки.*<br>*На насоката „Деловна комуникација и превод на англиски јазик“, можат да се запишат и кандидати кои немаат завршено високо* |

| | |
|---|---|
| Деловна комуникација и превод на англиски јазик | *образование во областа на филолошките науки, но кои имаат работно искуство од најмалку 3 (три) години во областа превод на англиски јазик.*<br>*На насоката „Креативно пишување“ можат да се запишат и кандидати кои немаат завршено високо образование во областа на филолошки науки, но кои имаат познавање на англискиот јазик на Б2 ниво.*<br>*Сите кандидати (со завршено или без завршено високо образование во областа на филолошки науки) кои се запишуваат на која било насока потребно е да имаат познавање на англискиот* |

*Анекс 2:* **Потврда за положени испити**

**П О Т В Р Д А**

за положени испити

На ___(*се внесува датумот на последниот положен испит)*, студентот ____(*се внесува име и презиме, број на индекс и матичен број на студентот*)___________ ги положи сите предвидени испити на студиската програма _____(*се внесува називот на студиската програма*) .

Скопје, ___(*се внесува датум)*____

Универзитет Американ Колеџ Скопје

_______________________________

*Анекс 3*: **Ф1 Формулар**

